# VIII

# САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА КОПАНИЦИ

*и промоција на книгата*

## "ТАЈНИТЕ ВО КОПАНИЧАРСТВОТО"

од Злате и Јане Крстески







**Уметничка Галерија - Битола**
**20 април 2002**

1. Иконостас за црквата “Св. Никола“ с. Бабино
- 381 x 257см.

2. Розета- ⌀90

3. Мала табла за иконостасот на црквата “Св. Никола“,
- Крушево - 93 x 30 x 3.8см.

4. Куќен иконостас- “Св. Богородица“ - 85 x 62 x 10см.

5. Куќен иконостас “Исус Христос“ - 85 x 62 x 10см.

6. Куќен иконостас “Св. Петка“ - 48 x 62 x 10см.

7. “Св. Богородица со Христос“ - 50 x 32 x 4см.

8. “Св. Богородица со Христос“ - 46 x 27 x 3.5см.

9. “Св. Кирил и Методиј“ - 50 x 35 x 4см.

10. “Св. Никола“ - 50 x 35 x 4см.

11. “Св. Климент“ - 50 x 35 x 4см.

12. “Св. Климент“ - 38 x 9 x 7см.

13. Птица во гнездо - 42 x 20 x 20см.

14. Македонија - 42 x 31 x 4см.

15. Пафта - 40 x 34 x 4см.

16. Птица на тролист - 63 x 38 x 3см.

17. “Св. Богородица со Христос“ - 60 x 38 x 3см.

18. “Исус Христос“ - 46 x 31 x 3см.

19. Черце- 48 x 33 x 3см.

20. Три ружи 40 x 30 x 4см.

21. Ангел 40 x 30 x 3см.

22. Минијатура 28 x 23 x 3см.

23. “Св. Климент“- 34 x 20 x 3см.

24. Александар Македонски ⌀ 38

25. Бегалци 45 x 33 x 4см.

26. Македонски Грб 40 x 30 x 3см.

27. Амблем 34 x 22 x 4см.

*Со издавање на првата стручна книга за копаничарство во Македонија - "Тајните во копаничарството" и изложување на иконостас во галерија, даваме свој несебичен придонес за растежот и развојот на копаничарската уметност во Македонија.*

*Злате и Јане Крстески*

# *Копаничарски импресии*

*Резбарските тајфи низ историјата користејќи го искуството од декорацијата на старите уметнички дела и импортираната барокна орнаментика, го зацртаа духот специфичното резбарство како посебен сегмент од историјата на македонската уметност.*

*Продолжувајќи ја традицијата на копаничарските тајфи (со точна диференцијација на степенот на стручна терминологија, со специфичен начин на меѓусебно разбирање и цврста организација во изработката на експонатите) ЗЛАТЕ И ЈАНЕ КРСТЕСКИ целосно се посветуваат на копаничарската уметност. Низ разните мотиви во религиозниот живот и од традиционалната применета уметност, авторите создаваат инзвореден спој на локална традиција и богата растително-животинска и геометриска орнаментика.*

*Приоритетно место на изложбата завзема иконостасот на црквата "Св. Никола" во Бабино, кој заедно со другите куќни иконостаси е изработен во комбинација со длабока (поткопна) и плитка резба, главно со растителни и зооморфни елементи, кои симболизираат мир, живот и чистина на христијанската душа и единство. Посебен впечаток оставаат делата кои се работени во комбинација на чипкаста (скрозирана) со длабока резба применети на разни елементи од ентериери (розетни, паноа), во кои е присутна и тематска комбинација на растителни и животински со геометриски мотиви. Исто така интересен сегмент претставува пафтата како инспирација за комбинирана резба во дрво со метал во која се нагласува богатството на традиционалната применета уметност.*

*Создавајќи плиток или длабок рељеф, давајќи му душа на секое парче дрво, Злате и Јане Крстески оставаат печат на дел од своето време во голем број цркви, манастири и куќни амбиенти, пренесувајќи ја традицијата на најавтентичната македонска уметност -резбарството.*

*Лиљана Христова*